# ЛИСТА НА МОБИЛНИ И ИНТЕГРИРАНИ УСЛУГИ

## Основни услуги

| ОСНОВНИ УСЛУГИ | ОПИС НА УСЛУГАТА |
|---|---|
| Телефонија (појдовни и дојдовни повици) | Основната услуга телефонија овозможува пренос на говор со помош на мобилен телефонски апарат |
| Видео повици (појдовни и дојдовни) | Услугата видео повици овозможува истовремен пренос на говор и на видео сигнал преку мобилен телефонски апарат што поддржува 3G технологија, односно гледање ТВ на различни канали преку мобилен телефон. |
| Говор – Служба за итни повици | Полиција - 192 |
| | Противпожарна служба - 193 |
| | Брза помош - 194 |
| | Центар за известување и тревожење - 195 |
| Говор – Специјални служби | Авто Мото Сојуз на Македонија - 196 |
| | Царинска управа - 197 |
| | Министерство за финансии – Управа за јавни приходи - 198 |
| | Министерство за внатрешни работи - 199 |
| Праќање SMS | Услугата SMS (Short Message System) овозможува праќање и примање на кратки текстуални пораки со должина до 160 знаци преку мобилниот телефонски апарат |
| Примање SMS | |
| Мејли – Говорна пошта | Мејли е говорен автомат кој е активен 24 часа во денот. Преку Мејли се примаат повиците кон телефонскиот број, секогаш кога претплатникот не е во можност тоа да го стори – кога не може да одговори, кога е зафатен или недостапен. |
| Врти слободно | Услугата овозможува:<br>- известување преку SMS за пропуштените повици кога корисникот бил недостапен,<br>- известување преку SMS за достапноста на бараниот број што бил недостапен,<br>- известување преку SMS за пропуштените повици кога корисникот бил зафатен со друг повик и<br>- известување преку SMS за достапноста на бараниот број што бил зафатен со друг повик. |
| Пренос на податоци (асинхроно 9600 bps) | Оваа услуга овозможува пренос на податоци од еден компјутер на друг со брзина до 9600 bps, користејќи го мобилниот телефонски апарат како модем во национални и меѓународни мрежи. |
| Пренос на факс | Услугата овозможува пренос на факс - од компјутер на факс, користејќи го мобилниот телефонски апарат како модем. |
| Пренос на алтернативен говор/факс | Оваа услуга овозможува користење на говор и префрлување на услугата за пренос на факс, користејќи го мобилниот телефонски апарат како модем без прекинување на врската, со можност за повторно користење на говор. |
| GPRS Corporative GPRS | Неограничен пристап до интернет страни (WAP/WWW страни) преку мобилниот телефонски апарат, користејќи ја GPRS/EDGE (General Packet Radio Service/Enhanced Data rates for GSMS Evolution) услугата. Овозможува поголема брзина за |
| GPRS Internet | |

| | |
|---|---|
| | трансфер на податоци и примање и праќање на мултимедијални пораки. |
| Широкопојасен интернет | Услугата претставува брз мобилен интернет обезбеден преку 3G мрежата на Македонски Телеком со многукратно побрз пренос на податоци споредено со интернет пристапот преку GPRS/EDGE технологијата. |

## Дополнителни услуги

| ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ | ОПИС НА УСЛУГАТА |
|---|---|
| Пренасочување повик – безусловно | Пренасочување на повикот кон било кој друг мобилен број, фиксен број или кон Мејли-Говорната пошта, во зависност од потребите на претплатникот |
| Пренасочување повик – претплатникот не одговара на повик | |
| Пренасочување повик – зафатен претплатник | |
| Пренасочување повик – недостапен претплатник | |
| Повик на чекање (само за телефонија) | При примање повик за време на започнат разговор претплатникот добива звучен сигнал дека има нов повик |
| Задржување повик (само за телефонија) | Постојниот повик може да се задржи за да се воспостави врската со новиот повик, и по завршувањето претплатникот повторно да се врати на првиот повик |
| Забрана - за сите појдовни повици | Услугите овозможуваат забрана на појдовни или дојдовни повици, во зависност од потребите на претплатникот. |
| Забрана - за сите појдовни меѓународни повици | |
| Забрана - за сите појдовни меѓународни повици при роаминг освен кон Македонија | |
| Забрана - за сите дојдовни повици | |
| Забрана - за сите дојдовни повици при роаминг освен од Македонија | |
| Конференциска врска (само за телефонија) | Услугата овозможува истовремен разговор на најмногу 6 претплатници |
| Индикација на тарифа | Услуга која со претходно внесени параметри на мобилен телефон, ги прикажува тарифните износи за разговори во национален сообраќај и се користи информативно. |
| Презентација на повикувачка линија (CLIP - Calling Line Identification Presentation) | На екранот на телефонскиот апарат се прикажува бројот на претплатникот кој повикува. |
| Рестрикција на повикувачка линија безусловно (CLIR - Calling Line Identification Restriction) | Претплатникот кој иницира повик, спречува неговиот број да се прикаже на екранот на претплатникот кого го повикува. |
| Рестрикција на повикувачка линија (SOCLIR - Subscription Option Calling Line Identification Restriction) | Со оваа функција се дефинира начинот на работа на функцијата „Рестрикција на повикувачка линија". Прикажувањето на бројот може да биде перманентно спречено, перманентно спречено и да се открива по желба или перманетно присутно, а да се спречува по желба |
| Елиминација на рестрикција (SOCLIP - Subscription Option Calling Line Identification Presentation) | Со активирање на оваа услуга, на претплатникот му се прикажуваат броевите на сите претплатници кои го повикуваат, вклучувајќи ги оние повици каде е активирана услугата неприкажување на повикувачки број – „Рестрикција на повикувачка линија" |

# Останати услуги

| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | ОПИС НА УСЛУГАТА |
|---|---|
| Роаминг | Можност за користење на мобилните и интегрираните услуги додека претплатникот е во странство. |
| Детален месечен преглед за постпеид претплатники линии | Детален испис на реализиран сообраќај за период опфатен со месечната сметка (услуга достапна само за постпејд мобилни и интегрирани претплатнички линии). |
| Детален преглед по барање | Еднократно издавање на детален испис на реализиран сообраќај за одреден период по барање на претплатникот (услуга достапна само за постпејд мобилни и интегрирани претплатнички линии и за фиксните линии во Family). |
| Дополнување припејд сметка | Услуга преку која на припејд претплатниците може да да им се дополни припејд сметката. |
| Проверка на состојба на сметка | Услуга преку која претплатниците со повик на бројот 1235 можат да ја проверат состојбата на својата сметка. |
| Златен број | Претплатникот може да избере претплатнички број по желба од листата на наведени броеви (услуга достапна само за постпејд мобилни и интегрирани претплатнички линии). |
| Промена на телефонски број | Претплатникот може да побара промена на телефонскиот број (услуга достапна само за постпејд мобилни и интегрирани претплатнички линии). |
| Промена на SIM картичка | Претплатникот може да побара промена на SIM картичка. |
| Деблокирање на SIM картичка | Претплатникот може да побара деблокирање на блокирана SIM картичка. |
| Промена на сопственост | Претплатникот може да ја пренесе сопственоста на претплатничката линија на друго лице со заедничка согласност. |
| Привремено исклучување по барање | Претплатникот може да побара привремено исклучување на претплатничката линија најмногу еднаш во годината и не подолго од 6 месеци (услуга достапна само за постпејд претплатнички линии). |
| Мојот круг | Со Мојот круг, постпејд претплатниците можат да разговараат и да праќаат SMS пораки по намалена тарифа кон:<br>- 4 броја од мобилната мрежа на Македонски Телеком или<br>- 3 броја од мобилната мрежа и 1 број од фиксната мрежа на Македонски Телеком.<br>Промена на број во рамките на Мојот круг може да се направи еднаш во 30 дена. |
| Забрана за обработка на лични податоци | Услуга преку која претплатниците можат да дадат согласност или забрана за обработка на личните податоци и информирање за нови понуди. |
| Електронско дополнување сметка | Претплатниците можат да ја дополнат својата сметка или сметката на друг припејд претплатник, со помош на електронски ваучери со вредност од: 100, 150, 200, 250, 300, 590, 900 и 2000 денари со вклучен ДДВ. Услугата се користи во повеќе од 2000 продажни места во Републиката. Канали за дополнување ваучери се:<br>- Директна и индиректна продажба,<br>- IVR од постпејд месечна сметка за мобилни и интегрирани услуги,<br>- АТМ,<br>- Мој Телеком |

| | |
|---|---|
| | - од постпејд месечна сметка за мобилни и интегрирани услуги,<br>- Мој Телеком<br>- од месечна сметка за фиксни услуги,<br>- Порталот Плати онлајн,<br>- web<br>- со VISA, MasterCard и локални картички. |
| Hot Spot | Hot Spot е јавна WLAN (Wireless Local Area Network) услуга која нуди безжичен интернет со големи брзини. |
| SMS2e-mail | SMS2e-mail им овозможува на претплатниците да комуницираат и со корисниците на Интернет, односно овозможува конверзија на испратената SMS порака од мобилниот телефонски апарат во е – mail порака и праќање на истата кон саканата e-mail адреса. |
| ММС | MMS примање и праќање на пораки дома, и кон и од странски оператори кои освен текст можат да содржат и други податоци во различни формати - фотографии во боја, звуци, мелодии, видео клипови. |
| Мој Телеком | Мој Телеком е дел од веб страницата на Македонски Телеком кој овозможува полесен пристап до потребните мобилни и интегрирани содржини и услуги, нудејќи целосен преглед и контрола над претплатничкиот кориснички профил. |
| SMS информација за сметка | Услугата овозможува добивање информација за висината на моменталната состојба на сметката за тековниот месец преку SMS. |
| SMS информација за фактура | Услугата овозможува добивање информација за висината на последната фактура (месечна сметка) преку SMS. |
| SMS преглед на банкарска сметка | Услугата овозможува преглед на банкарска сметка преку SMS. |
| SMS контрола на сметка | Услуга со која се овозможува контрола на надминат лимит за друга претплатничка линија (услуга достапна само за постпејд претплатнички линии). |
| Преносливост на број | Услуга која овозможува пренос на национален претплатнички број при промена на оператор. |
| Префрлање припејд во постпејд број | Услуга која овозможува припејд корисник да го префрли својот национален претплатнички број во постпејд тарифа во рамките на својата мрежа. |
| Услуги со посебна цена на чинење | Услуги достапни за сите претплатници, независно од тарифниот модел:<br>- SMS,<br>- Месечна претплата на SMS,<br>- Услуги на говорен автомат,<br>- Телевоутинг,<br>- Мобилно плаќање,<br>- Симнување слики, музика, игри,<br>- Донации. |
| Останат сообраќај | Повици кон Контакт центар. |
| | Услуги од серијата 05xx. |
| | Услуги од серијата 08xx. |
| Facebook и Twitter | Социјални мрежи и комуникација со цел да се остане во контакт со најблиските на Facebook и Twitter. Сите членови на групата можат да учествуваат во форумот кој е отворен за секоја тема поврзана со наши производи и услуги, а и оние што не се регистрирани на Facebook и не се членови на групата можат да ги следат коментарите на корисниците. |

| | |
|---|---|
| SMS паркинг | Услугата овозможува плаќање паркинг на некои паркиралишта на ЈП Градски паркинг во Скопје преку мобилен телефон со праќање SMS порака. |
| Плаќање таксени марки преку мобилен | Услугата овозможува плаќање административни таксени марки преку мобилен со праќање SMS порака. |
| Флит менаџмент | Решение наменето за бизнис корисниците кое овозможува прецизно лоцирање, следење и управување со целиот возен парк, со помош на сателитски GPS систем и GSM мрежата. Сите возила се опремуваат со уреди (хардверска опрема од стандарден или посебен тип) и SIM картичка за следење на возилата и праќаат податоци до Флит менаџмент апликацијата која врши анализа на податоците и ги прикажува на дигитална мапа или во извештаи. |
| Facebook преку мобилен | Неограничен пристап на Facebook порталот директно од својот мобилен телефон. |
| Мој Телеком - преку мобилен | Пристап до содржините на порталот Мој Телеком преку мобилен телефон. |
| Плати онлајн<br>- Е-дополнување<br>- Е-плаќање | Е-дополнување Секој корисник сопственик на платежна картичка (VISA, Master Card или локална картичказа електронско плаќање) може да дополни кредит на кој било мобилен припејд број со стандарден ваучер од 100, 150, 200, 250, 300, 590, 900 и 2000 денари. |
| | Е-плаќање - електронско плаќање сметки на приватни постпејд корисници Секој корисник сопственик на платежна картичка може да плати постпејд сметка за мобилни и интегрирани услуги или сметка за фиксни услуги на приватни корисници на услугите од Македонски Телеком. Услугата овозможува истовремено плаќање на повеќе сметки (мах. до 10 фактури) со минимална вредност од 50 денари и максимална вредност од 60.000 денари. |
| Префрлање податоци од мобилен на мобилен | Услугата е достапна во сите Телеком продавници и овоможува пренос на податоци од именик и календар, содржини како фотографии, видеа, музика, ринг тонови, игри, SMS и MMS, разни апликации, адреси за е-пошта и интернет адреси |
| Побарај ме | Припејд корисниците кои немаат доволно кредит, по бирање на кориснички број, преслушуваат говорна порака која содржи инструкција за тоа како да пратат барање. Корисничкиот број кој бил повикан, добива предефинирана SMS порака за да го побара припејд корисникот кој нема доволно кредит. Услугата е бесплатна и дозволува да се пратат 3 барања со секое дополнување припејд ваучер. |
| Плаќање сметки преку банкомат на Стопанска банка и Тутунска банка | Плаќање постпејд сметки на приватни корисници со платежни картички преку широко распространетата мрежа на банкомати на Стопанска банка и Тутунска банка (VISA и MasterCard). |

# ЛИСТА НА ФИКСНИ УСЛУГИ

## Основни услуги

| ОСНОВНИ УСЛУГИ | ОПИС НА УСЛУГАТА |
|---|---|
| Фиксна телефонија (појдовни и дојдовни повици) | Основната услуга фиксна телефонија овозможува пренос на говор со помош на фиксен телефонски апарат |
| Говор – Служба за итни повици | Полиција - 192 |
| | Противпожарна служба - 193 |
| | Брза помош - 194 |
| | Центар за известување и тревожење - 195 |
| Говор – Специјални служби | Авто Мото Сојуз на Македонија - 196 |
| | Царинска управа - 197 |
| | Министерство за финансии – Управа за јавни приходи - 198 |
| | Министерство за внатрешни работи - 199 |
| Широкопојасен интернет | Услугата овозможува брз трансфер на податоци на фиксна локација. |

## Дополнителни услуги

| ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ | ОПИС НА УСЛУГАТА |
|---|---|
| Пренасочување повик – безусловно | Пренасочување на повикот кон било кој друг број мобилен или фиксен број, во зависност од потребите на претплатникот. |
| Пренасочување повик – претплатникот не одговара на повик | |
| Пренасочување повик – зафатен претплатник | |
| Пренасочување повик – недостапен претплатник | |
| Повик на чекање (само за телефонија) | При примање на повик за време на започнат разговор претплатникот добива звучен сигнал дека има нов повик. |
| Задржување повик (само за телефонија) | Постојниот повик може да се задржи за да се воспостави врската со новиот повик и по завршувањето претплатникот повторно да се врати на првиот повик. |
| Забрана - за сите појдовни повици | Услугите овозможуваат забрана на појдовни или дојдовни повици, во зависност од потребите на претплатникот. |
| Забрана - за сите појдовни меѓународни повици | |
| Забрана - за сите дојдовни повици | |
| Конференциска врска (само за телефонија) | Услугата овозможува истовремен разговор на најмногу 6 претплатници |
| Презентација на повикувачка линија (CLIP - Calling Line Identification Presentation) | На екранот на телефонскиот апарат се прикажува бројот на претплатникот кој повикува. |

| | |
|---|---|
| Рестрикција на повикувачка линија безусловно (CLIR - Calling Line Identification Restriction) | Претплатникот кој иницира повик спречува неговиот број да се прикаже на екранот на претплатникот кого го повикува. |
| Рестрикција на повикувачка линија (SOCLIR - Subscription Option Calling Line Identification Restriction) | Со оваа функција се дефинира начинот на работа на функцијата „Рестрикција на повикувачка линија". Прикажувањето на бројот може да биде перманентно спречено, перманентно спречено и да се открива по желба, или перманетно присутно, а да се спречува по желба. |
| Рестрикција за сите појдовни повици освен за локален сообраќај | Рестрикција за сите појдовни повици освен за локален сообраќај во рамките на исто географско нумерациско подрачје. |
| Рестрикција за сите појдовни повици освен за локален и меѓумесен сообраќај | Рестрикција за сите појдовни повици освен за локален и меѓумесен сообраќај во рамките на различно географско нумерациско подрачје. |

## Останати услуги

| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | ОПИС НА УСЛУГАТА |
|---|---|
| Детален месечен преглед за постпеид претплатники линии | Детален испис на реализиран сообраќај за период опфатен со месечната фактура (услуга достапна само за постпејд претплатнички линии). |
| Детален преглед по барање | Еднократно издавање на детален испис на реализиран сообраќај за одреден период по барање на претплатникот (услуга достапна само за постпејд претплатнички линии и за фиксните линии од Family +). |
| Златен број | Претплатникот може да избере претплатнички број по желба од листата на наведени броеви (услуга достапна само за постпејд претплатнички линии). |
| Промена на телефонски број | Претплатникот може да побара промена на телефонскиот број (услуга достапна само за постпејд претплатнички линии). |
| Забрана за обработка на лични податоци | Услуга преку која претплатниците можат да дадат согласност или забрана за обработка на личните податоци и информирање за нови понуди. |
| Промена на сопственост | Претплатникот може да ја пренесе сопственоста на претплатничката линија на друго лице со заедничка согласност . |
| Привремено исклучување по барање | Претплатникот може да побара привремено исклучување на претплатничката линија најмногу еднаш во годината и не подолго од 6 месеци (услуга достапна само за постпејд претплатнички линии). |
| Преносливост на број | Услуга која овозможува пренос на национален претплатнички број при промена на оператор. |
| Останат сообраќај | Повици кон Контакт Центар. |